ДП. бр.29/14

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-325 од 04.09.2014 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител П. Т. лично, по одржан претрес, на ден 30.10.2014 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** Извршителот П. Т. именуван за подрачјето на Основниот суд С. **I** – С. и Основниот суд С. **II** – С., со канцеларија на ул."К. Р." бр.________ во С.

**ЗАТОА ШТО:**

Извршителот, при вршењето на извршителската должност го прекинал спроведувањето на извршувањето по извршниот предмет И.бр.79/14 иако за тоа немал законски основ, односно, постапувајќи по наведениот извршен предмет извршителот донел Заклучок за прекинување на извршување И.бр.79/14 од 19.03.2014 година со кој што го прекинал предметното извршување без притоа за прекинувањето да бидат исполнети законските услови пропишани со член 29 од Законот за извршување, туку само со образложение дека извршувањето се прекинува поради настапување на правни последици за започнување на судска постапка спрема доверителот,

**со што сторил** дисциплинска повреда „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон "по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување

па со примена на правилата на казнено право по член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната согласно чл. 54-а од Законот за извршување на извршител П. Т. му се изрекува парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот П. Т. од С. утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09- 325 од 04.09.2014 година против извршителот П. Т. од С. врз основа на Извештај од вонреден надзор над работењето на извршителот УПП.бр.09- 325 од 24.07.2014 година. Предлогот е со наводи дека извршителот вршејќи ја должноста на извршител при спроведувањето на извршувањето по предметот И.бр.79/14, донел Заклучок за прекинување на извршување И.бр.79/14 од 19.03.2014 година со кој што го прекинал предметното извршување без притоа за прекинувањето да бидат исполнети законските услови пропишани со член 29 од Законот за извршување, туку само со образложение дека извршувањето се прекинува поради настапување на правни последици за започнување на судска постапка спрема доверителот. Подносителот смета дека со ваквото постапување извршителот П. Т. сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување и предлага да за сторената повреда му биде изречена соодветна мерка.

Извршителот П. Т. во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 19.09.2014 година наведе дека во текот на превземањето на извршното дејствие на лице место, до страна на Должникот М. ДООЕЛ С. било приговарано и реагирано дека истиот доброволно не можел да го спроведе иселувањето од причина што од страна на Доверителот О. О. У. К. Р. – С., му било нарушено владението, со превземање на дејствие кршење на катанците и ставање нови од кои на Должникот не му биле дадени клучеви како би можел да продолжи со постапката на селење и испразнување на недвижноста. Притоа од страна на Должникот, на Извршителот му била предадена Тужба за нарушено владение поднесена во О. суд С. 2 – С. против Доверителот О. О. У. К. Р. – С., а воедно било побарано од Должникот да не се продолжува со извршното дејствие од страна на извршителот од причина што било потребно да се изврши увид и процена на евентуално настаната штета при самоволното нарушување на владението од страна на судот за потребите на судската постапка. Извршителот во своја одбрана наведе дека смета дека правилно донел одлука за прекинување на постапката со констатација дека прекинот ќе трае до правосино завршување на постапката по повод Тужбата за нарушено владение од причина што во одредбите во законот за Иврршување не е предвидено каква одлука треба да донесе во ваква ситуација па извршителот ја прекинал постапката со цел правилно да биде одлучено за ситуација од страна на судот. Извршителот наведе дека сметал да доколку се спроведело извршното дејствие со тоа би биле отстранети доказите за евентуалното нарушено владение со што би била попречена работата на судот, а кое нешто би довело до нанесување на штета на Должникот, а од друга страна и се поставило прашањето кое дејствие треба да биде превземено од страна на Извршителот кога предмет на извршување било предавање во владение, а во дадената ситуација од страна на Доверителот самоволно било повратено владението врз предметната недвижност т.е. постапката станала безпредметна.
Извршителот наведе дека од негова страна бил модифициран заклучокот за прекин врз основа на законските одредби од Законот за извршување, поточно со чл. 10 ст. 1 од Законот за извршување каде било наведено дека "При спроведувањето на извршувањето сообразно се применуваат одредбите од Законот за паринична постапка, ако со овој или со друг закон поинаку не е определено", па при донесувањето на Заклучокот за прекинување на постапката, било водено сметка и за наведената одредба од ЗИ, а особено повикувајќи се на одредбите од чл. 201 од Законот за парничната постапка.

Извршителот и приложи на комисијата решение на судот за отфрлање на тужбата на должникот против доверителот за нарушено владение и изјави дека по прием на решението на судот извршувањето продолжило.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09-325 од 24.07.2014 година од Министерство за правда
2. Барање за извршување бр.03-164/1 од 10.02.2015 од О. О. У."К. Р." С. - Центар;
3. Пресуда бр. ТС-__________од 11.12.2012 година од О. суд С. 2 С.;
4. Налог за извршување по член 218 став 2 од ЗИ, И.бр.79/2014 од 11.02.2014 година од Извршител П. Т.;
5. Доставница од Налог И.бр.79/2014 до ООУ "К. Р." С. од 12.02.2014 година;
6. Доставница од Налог И.бр.79/2014 до Друштво за производство, промет, трговија и услуги М. В. Дооел увоз-извоз С. од 12.02.2014 година;
7. Записник за испразнување и предавање на недвижност по член 218 од ЗИ, И.бр.79/2014 од 28.02.2014 година од Извршител П. Т.;
8. Доставница од Записник за испразнување и предавање на недвижност И.бр.79/2014 до ООУ К. Р. Скопје од 04.03.2014 година;
9. Доставница од Записник за испразнување и предавање на недвижност И.бр.79/2014 до Друштво за производство, промет, трговија и услуги М. В. Дооел увоз-извоз С. од 10.03.2014 година;
10. Службена белешка за преземени дејсвија И.бр.79/2014 од 18.02.2014 година од Извршител П. Т.;
11. Барање од М. ДОО од 18.02.2014 година;
12. Барање за асистенција од полиција при спроведување на извршување по член 41 став 2 и член 76 од ЗИ, и.бр.79/2014 од 12.03.2014 година од Извршител П. Т.;
13. Доставница од Барање за асистенција од полиција при спроведување на извршување и.бр.79/2014 до МВР Скопје од 12.03.2014 година број на прием 29-1679/1;
14. Известување за нарушување право на владение од М. ДОО од 17.03.2014 година ;
15. Доставница од Про-фактруа бр.1/14 И.бр.79/2014 до ООУ "К. Р."- С. од 18.03.2014 година;
16. Записник за испразнување и предавање на недвижност по член 218 од ЗИ, И.бр.79/2014 од 19.03.2014 година од Извршител П. Т.;
17. Доставница од Записник за испразнување и предавање на недвижност И.бр.79/2014 до ООУ "К. Р." од 20.03.2014 година;
18. Доставница од Записник за испразнување и предавање на недвижност И.бр.79/2014 до М. ДООЕЛ од 20.03.2014 година;
19. Тужба до О. суд С. 2 С. од В. Ј. М. ДОО С. од 19.03.2014;
20. Заклучок за прекинување на извршување И.бр.79/2014 од 19.03.2014 година од Извршител П. Т.;
21. Доставница од Заклучок за прекинување на извршување И.бр.79/2014 до ООУ К. Р. од 20.03.2014 година;
22. Доставница од Заклучок за прекинување на извршување И.бр.79/2014 до М.ДООЕЛ С. од 20.03.2014 година;
23. Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.79/2014 година од 24.03.2014 година од Извршител П. Т.;

24. Доставница од барање за информации и податоци И.бр.79/2014 до Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалаци “С.” С. (П. С.) од 25.03.2014 година;
25. Молба од М. ДООЕЛ од 18.02.2014 година;
26. Службена белешка за преземени дејствија од И.бр.79/2014 од 25.03.2014 година од Извршител П. Т.;
27. Одговор на Барање за информации и податоци број.0308-4162 од 04.04.2014 година од П. С.-АД;
28. Известување 3 ТС –_______од 24.09.2014 година од О.суд С. 2 С.;
29. Решение 3 ТС-______од 25.06.2014 година од О. суд С. 2 С.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 11.02.2014 година извршителот П. Т. со седиште во С. примил Барање за извршување од доверителот О. О. У. "К. Р." – С., засновано на извршна судска одлука Пресуда ТС бр. __________ од 11.12.2012 година на О. суд С. II – С.. Врз основа на наведената извршна исправа, доверителот побарал од извршителот да преземе соодветни извршни дејствија и на должникот ДПТУ М.В. ДООЕЛ С.да му наложи да ги испразни од луѓе и предмети спортските терени кои се наоѓаат во дворот на О. О. У. "К. ." – С., и тоа: Ракометно игралиште со димензии од 40,6 m на 21,1 m, кошаркарско игралиште со димензии од 20,6 m на 18 m, мало кошаркарско игралиште со димензии од 21 m на 10,1 m и дел од дворно место со димензии 20 m на 20 m, согласно Договорот за закуп на спортски терени склучен помеѓу странките од 18.09.2002 година и истите да ги предаде во владение на тужителот во состојба каква се наоѓале на 10.04.2006 година.

Постапувајќи по барањето за извршување, извршителот на ден 11.02.2014 година, издал Налог за извршување заради испразнување и предавање на недвижност (врз основа на член 218 ст.2 од Законот за извршување), со кој му наложил на должникот ДПТУ М. В. ДООЕЛ С. во рок од 8 дена од приемот на налогот да ги испразни и предаде во владение на доверителот, О. О. У. "К. .Р" – С., спортските терени кои се наоѓаат во дворот на училиштето согласно Договорот за закуп на спортски терени склучен помеѓу странките од 18.09.2002 година и истите да ги предаде во владение на доверителот во состојба каква се наоѓале на 10.04.2006 година. Воедно, со налогот извршителот му забранил на должникот да ги оттуѓува и оптоварува наведените недвижности. Налогот бил уредно доставен до доверителот и до должникот.

Со писмено барање од 18.02.2014 година должникот побарал од извршителот да му овозможи временски период од неколку месеци за испразнување на терените од причини што се работело за капитална инвестиција со многу пропратни елементи кои требало да се демонтираат.

Извршителот изготвил Службена белешка за приемот на барањето од должникот во која констатирал дека доколку должникот не постапи во рок од 1 месец извршителот ќе продолжел со постапката односно со испразнувањето и предавањето на предметните недвижности.

На ден 28.02.2014 година извршителот составил Записник за испразнување и предавање на недвижност (врз основа на член 218 од Законот за извршување), во кој нотирал дека извршувањето е спроведено така што се отстранети лицата и предметите од

недвижноста и недвижноста му е предадена во владение на доверителот и во Записникот се наведени и предметите кои биле најдени на лице место за време на извршувањето.
Извршителот со Записникот, го предупредил должникот дека во рок од 8 дена од предавањето на истиот може да бара да му се вратат предметите откако ќе бидат надоместени трошоците за чување, но дека доколку тоа не се случи, по истекот на рокот предметите ќе бидат продадени. Извршителот наведениот записник го доставил до доверителот и до должникот.
На ден 12.03.2014 година извршителот, врз основа на член 41 ст.2 и член 76 од Законот за извршување, изготвил Барање со кое што од МВР на РМ - СВР ДОЦ 92 на град Скопје побарал да му се обезбедат службени лица кои ќе му помогнат при спроведувањето на извршното дејствие на испразнување и предавање во владение на предметните недвижности, закажано за ден 19.03.2014 година. Барањето било доставено до МВР на РМ - СВР ДОЦ 92 на град Скопје на ден 12.03.2014 година.
На ден 18.03.2014 година извршителот примил писмен поднесок со кој што должникот го известува дека на ден 17.03.2014 година на спортските терени при училиштето насилно е скршен катанецот на влезната врата на игралиштето и на неговото место е ставен друг катанец.
На ден 18.03.2014 година, видно од Доставница, извршителот му доставил на доверителот Про - фактура бр.1/14.
На ден 19.03.2014 година извршителот составил нов Записник за испразнување и предавање на недвижност (врз основа на член 218 од Законот за извршување), во кој што е забележано дека во меѓувреме е постапено од страна на должникот со тоа што била извршена дислокација на балонот и на моторите (тајфуни), но дека не се преземени дејствија за отстранување на предметите кои што биле наведени во Записникот И.бр.79/2014 од 11.02.2014 година. Извршителот исто така нотирал во Записник дека должникот реагирал дека не бил во можност да учествува во отстранување на елементи од игралиштето од причина што му било нарушено владението односно му биле скршени катанците од едната влезна врата и истите биле заменети со нови за кои должникот не поседувал клуч за отварање. На записник претставникот на доверителот И.П., директот на училиштето, изјавил дека ланецот и катанецот на првата влезна врата биле отстранети заради спроведување на наставата по физичко воспитување, а за кое нешто бил известен должникот. Воедно, во Записникот извршителот нотирал и дека при спроведувањето на предметното извршно дејствије пристапил В. Ј., одговорно лице на должникот, и приложил Тужба, доставена до О.суд С. II – С. на ден 19.03.2014 година, со која што должникот ДПТУ М. В. ДООЕЛ С. го тужи доверителот О.о. у."К. Р." – С. за нарушено - одземено владение (на начин што тужениот самоволно го отстранил катанецот и поставил свој).
Извршителот го доставил Записникот до доверителот и до должникот.
На ден 19.03.2014 година извршителот донел Заклучок за прекинување за извршување И.бр.79/14, со кој го прекинал извршувањето што го спроведувал спрема должникот поради настапување на правни последици од започнување на судска постапка спрема доверителот. Наведениот Заклучок бил доставен до доверителот и до должникот.
На 25.03.2014 година, до извршителот бил доставен примерок од Молба од должникот, која била адресирана до УО на доверителот и до Градоначалникот на О. Ц., со која се бара одобрување од доверителот за одржување на терените без никаков надомест се додека не се најде друг оператор кој ќе ги откупи материјалите и ќе склучи договор со училиштето. За приемот на молбата, извршителот изготвил и Службена белешка за

преземени дејствија во која констатирал дека согласно добиените информации од управителот на должникот наведеното побарување во Молбата било усно предложено од страна на директорката на училиштето со дадени насоки околу тоа како да се изготви и до кога треба да се достави Молбата.
Извршителот изготвил Барање врз основа на член 41 ст.1 од Законот за извршување на ден 24.03.2014 година и побарал од П. С. АД С. информации и податоци за сопственоста на грејачите - тајфуните наведени во Испратница бр.7/04 од 02.02.2004 година дека се издаваат на позајмица. На ден 10.04.2014 година извршителот примил писмен допис со кој што П.С. АД С.го известува дека грејачите - тајфуни (2 грејачи од 101 кw и 3 грејачи од 78 kw) се во нивна сопственост, поради што било потребно истите да се изземат од извршување.

На ден 26.09.2014 година извршителот примил Известување од О. суд С. 2 Скопје со кое му се доставува примерок од Решение 3 ТС-_________од 25.06.2014 година со кое судот ја отфрлил тужбата на тужителот М. В. ДООЕЛ С. против тужениот О.У. К. Р. С., по основ нарушено владение.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот со Заклучокот од ден 19.03.2014 година го прекинал извршувањето без да бидат исполнети законските услови за прекин предвидени во член 29 од Законот за извршување со што извршител П. Т. ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон "по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06. 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 148/11 и 187/13 ).

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека доверителот О. О. У. К. Р. – С., со превземање на дејствие кршење на катанците и ставање нови од кои на Должникот не му биле дадени клучеви како би можел да продолжи со постапката на селење и испразнување на недвижноста, било извршено нарушување на владението на должникот, па се поставило правно прашање кое дејствие да биде превземено од страна на извршителот во ситуација кога доверителот самоволно си го повратил владението врз предметната недвижност а за чие враќање во владение била иницирана постапката, но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија. Ова од причина што со член 29 од Законот за извршување децидно е наведено дека извршувањето прекинува кога странката која е правно лице ќе престане да постои или ќе настапат правни последици од отварање на стечајна постапка. Во конкретниот случај независно од тоа што била поднесена тужба од една од странките, односно од должникот, извршителот немал овластување да ја примени одредбата од член 29 од ЗИ бидејќи поднесената тужба не е основ за да настанат правни последици и да се примени институтот прекин на извршување во смисла на чл. 29 од ЗИ. Со оглед дека извршителот при извршувањето превземал дејствија кои не се предвидени или се спротивни на законот во конкретниот случај со издавање на заклучокот за прекин па Дисциплинската комисија смета дека извршителот ја сторил повредата од член 59 -д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување.



Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а

особено како олеснителна околноста што извршителот не е претходно дисциплински казнуван а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда како и околноста дека со ваквото постапување на извршителот се создава правна несигурност за странките па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 30.10.2014 година согласно чл.54-а в.в со чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител П. Т. од С. да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.__________ во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија,**
**Претседател**
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Д.н.:** Министерство за правда
Извршител П. Т. од С.
Претседател на КИРМ
Архива